| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.Обработка на приказната**<br><br>**Лисицата, ежот и кртот** | Идентификува народна приказна, (по слушање).<br><br>Прераскажува содржина на слушнат кус литературен текст со помош на прашања. | **1**<br><br>**петок 1.10.2021** | **Воведни активности** На хамер на табла залепени сликите наопаку<br>Учениците имаат задача да откријат кое животно се крие зад сликата по читање на гатанка. По откривање на првата слика / животно го опишуваат (фотобура се што знаат за тоа животно ) Постапката се повторува со откривање на трите животни<br>Поставуваме **проблем прашање**: Што мислите дали лисицата би била праведен судија?<br>Добиените одговори не ги анализираме, но објаснуваме дека во народните приказни има едно објаснување зошто.......Да го дознаеме тоа од народната приказна.....<br>**Главна активност** Акустично воспримемање – читање на приказната<br>Доживувањето на содржината учениците го изразуваат со одговори на прашањата:<br>На каков јазик е напишана оваа македонска народна приказна?<br>Зошто се скарале ежот и кртот? Што ви се допадна во приказната?<br>Како пресудила лисицата? Како ја доживеавте распределбата на лисицата?<br>Дали бевте задоволни од нејзината пресуда?<br>Кога ја почувствувавте неправдата? Зошто не се сложуваш со нејзината пресуда?<br>***Објасни ја мислата на лисицата***: "Еве вака бидува за вас правина, права како јаже в торба, за да се прикажува.<br>Приказната се чита по делови и се објаснуваат непознатите **народни изрази**<br>*се заортачиле - се здружиле* *перче - прамен коса*<br>*ќеф - желба, мерак* *куртулиса - се спаси*<br>*бериќет - род од нивите* *пакост - штета, беда*<br>*кутле - стара мерка за мерење жито* *ѓурултија - кавга, расправија*<br>*чунки - зашто* *алот – маката*<br>Потоа се прераскажува....<br><br>**Завршна активност**<br>Творечки активности Изработи маска за твојот лик<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |







resursi.literatura.mk

| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **2. Драматизација на приказната Лисицата, ежот и кртот** | Прераскажува содржина на слушнат кус литературен текст со помош на прашања. | **1**<br><br>**4.10.2021** | **Воведни активности**<br><br>Психолошка подготвка за драматизација<br>Подготвување на актерите<br>Кратко повторување за да се потсетат на содржината на приказната<br><br>**Главна активност**<br><br>Давам насоки ако ги запомнија народните изрази да ги употребат<br>Драматизација на приказната<br>Кога ќе завршат сите групи со драматизирање следува избор на најуспешни актери<br>Прогласување на актерите на денот<br>Коментари околу нивната изведба и зошто го направија тој избор<br>Воочување на добри актерски способности<br><br>**Завршна активност**<br><br>Обој го својот лик<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |





| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.**<br>**Лов на предмети, пронајди и опиши** | **Опишување на предмети** | **1**<br>**5.10.2021** | **Воведни активности**<br>Мотивација за набљудување Гледам, гледам...погоди што гледам....давам опис на некој предмет....а тие годат што е тоа<br><br>**Главна активност**<br>Избор на предмет - техника фотобура<br>Учениците избираат предмет што ќе треба да го нацртаат, а потоа вербално да го опишат<br>Содржинска подготовка<br>Разговор за логички ред на опишувањето<br>Правилно именување на деловите на предметот, елементите на описот<br>избор на зборови за опис на форма, боја, големина, материјал<br>Потоа следи игровна активност ,,Погоди што нацртав,,<br>Резиме<br>**Завршна активност**<br>Избор на најуспешен опис<br>Избор на најубавата слика и истакнување во катчето<br><br>**Рефлексија**<br>Најзначајна активност при опишувањето треба да е откривање на битните својства и нивна јазична конкретизација,но при тоа треба утврдената особина да ја доведат до врска со други слични поими - да ја споредат.<br><br>*споредбите учениците ги терат да мислат,помнат,асоцираат...а на описот му даваат убавина и живот.<br>Сето тоа лектички и семантички го збгатува ученичкиот речник.<br>описот треба да заврши со вопштување кое често има улога на резиме | Молив<br>Работен лист<br>Разни предмети од училницата | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |





resursi.literatura.mk

| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.**<br>**Што е заедничко**<br><br>**Опишување на предмети** | опишуваат лица, суштества ,растенија, предмети и појави; | **1**<br><br>**6.10..2021** | **Воведни активности** Техника Волшебниот ковчег<br>Во него се скриени најразлични предмети<br>Учениците избираат предмет без гледање, го опишуваат според сетилото за допир, каква форма е, материјал итн..<br>Другите ученици погодуваат што би можело да биде тоа<br><br>**Главна активност**<br>Предметите се редат на масата и се води дискусија<br>Што е заедничко за сите предмети, што е различно итн...<br>Ги групираат според заеднички својства, ги именуваат ии избираат предмет што ќе го опишуваат преку илустрација.<br>Околу предметот ќе нацртаат каде се користи тој предмет, со што би го поврзале.....поими што асоцираат на тој предмет<br><br>**Завршна активност**<br>Учениците вербално објаснуваат на кратко за она што го сработиле<br>Поврзувалка РЛ, лавиринт и сл<br><br>**Рефлексија**<br>Воочување на силата на уметничкиот збор и живоста што му ја дава на описот,правилната употреба на споредбите и другите изразни средства во сликањето | Молив<br>Работен лист<br>Разни предмети<br>Дрвена кутија<br><br>Картички со предмети | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |





resursi.literatura.mk

| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **5. Водење краток разговор (разговор, прашање, одговор, реченица).** | Поставува прашања со целосни реченици.<br><br>Одговара на прашања со целосни реченици. | **1**<br><br>**7.10..2021** | **Воведни активности**<br><br>Насочена имагинација – За роденден добив подарок милениче.<br>Со подарокот добив и една сложувалка според која треба да се организирам и да се грижам за тоа милениче.<br>Ве молам помогнете ми !<br><br>**Главна активност**<br><br>Учениците најпрво ја составуваат сликата од сложувалката, а потоа разговараме.<br>Што има на сликата ? Каде да го чувам....? Со што да го хранам ? Кои денови да го шетам? Кои денови да го капам ?<br>На сите поставени прашања учениците одговараат со полна реченица.<br>Некои поставуваат дополнителни прашања итн.<br>Потоа секој ученик ги лепи своите делови од сложувалката на лист хартија и прави неделен план за активностите и грижата околу миленичето<br><br>**Завршна активност**<br>Лавиринт<br>Избор и боење на куќичката за миленичето<br>Може и да ја илустрира ако сака своја посебна.<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист<br>Сложувалка за секој ученик<br>Хамер<br>Сликички | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |







resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **6. Вербална комуникација (тивко/гласно, брзо/бавно, умерено темпо на зборување и висина на гласот).**<br><br>**Г.В. Приспособено говорење** | Препознава брзо и бавно, односно гласно и тивко зборување. | **1**<br><br>**8.10..2021** | **Воведни активности**<br><br>Бура на идеи / фотобура<br>На таблата истакнувам слика и барам од учениците да ги разгледаат подетално сликите.<br>Водиме кратка дискусија околу содржината на сликата и прашувам дали некој сака да биде демонстратор на ситуациите (излегуваат момче и девојче )<br><br>**Главна активност**<br><br>Паровите ги демонстрираат активностите од сликите ( без физички контакт, само вербално комуницираат )<br>При тоа имаат задача да го прилагодат зборувањето според ситуацијата, да применат тивко, бавно говорење или брзо, гласно и слично<br>Учениците – публика треба да ги набљудуваат и да воочат кога зборувале гласно, брзо, а кога тивко,бавно, со умерено темпо.<br>Неколку пати се повторува постапката со други парови, а потоа се резимира за начинот на говорење и кога, како, кој говор се користи.<br><br>**Завршна активност**<br><br>Игровни активности Скриен предмет ( топло / ладно )<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **7.<br>11<br>Октомври** | Идентификува стихотворба<br><br>Препознава и издвојува зборови кои се римуваат во стихотворби | **1**<br><br>**12.10.2021** | **Воведни активности**<br><br>Создавање предрасположение за поадекватно доживување на песната<br>Празници и повод за празници<br>Фотобура<br>**Главна активност**<br><br>Наставникот ја рецитира песната ритмички со цел да ја доживеат<br>Мрежа на дискусија - Разговор за содржината на стихотворбата<br>Непознати зборови и нивно објаснување<br>Препознаваат и издвојуваат зборови кои се римуваат во стихотворбата со цел за полесно меморирање на песната<br>Кратка анализа на поетските слики<br>Создавање расположение за меморирање на песната<br>Јас кажувам....ти повтори......и научи<br>Повторувањето од учениците може да биде хорово, групно, индивидуално...<br>Постапката се повторува се додека не се јави некој ученик дека ја научил<br><br>**Завршна активност**<br><br>Рецитирање на песната<br>Илустрирање на поетските слики<br><br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **8. Рецитирање на песната** | Репродуцира стихотворби | **1**<br><br>**13.10.2021** | **Воведни активности**<br><br>Создавање расположение за уметничка изведба на песната<br>Вежби за дишење<br>Правилно држење на телото<br>Дикција, интонација,<br>Насоки за рецитирање - Го прилагодувам гласот кога рецитирам<br><br>**Главна активност**<br><br>Земи го микрофонот и покажи се во твој стил<br>Уметничка изведба на стихотворбата<br><br>**Завршна активност**<br><br>Впечатоци од изведбите<br>Избираме Рецитатор на денот<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |







resursi.literatura.mk

| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **9.. Невербална комуникација (гестикулации, мимика, движења).**<br><br>**Разговор без зборување**<br><br>**Ленти со слики**<br><br> | Користи гестикулации и мимика како дополнување и/или замена за вербална комуникација. | **1**<br><br>**14.10.2021** | **Воведни активности**<br>*Со гестикулации им кажувам дека на овај час ќе разговараме без зборување. Со гестови ги насочувам да се подготват за часот, да седнат на своите места, да го извадат приборот за работа*<br>Прашувам дали ме разбраа за што зборував? ( а во текот на зборувањето, забележуваме дека оние што разбрале веќе се подготвени и потребниот материјал за работа веќе му е на клупата )<br>Објаснувам дека за разлика од минатиот час на овај ќе разговараме без зборување<br>Дали има некој идеја да ми помогне?<br>**Главна активност**<br>Во секојдневниот живот при комуницирањето со другите луѓе, често имаме потреба да се послужиме со гестикулации, мимики, движења на рацете, нозете, телото и сл. На овај час ќе комуницираме на тој начин.<br>*Насочена имагинација* – замислете...се возиме на брод....наеднаш фаќа силна бура и бродот потонува....сите сме длабоко во морето, под вода и треба да се спасиме.....не можеме да зборуваме...мораме да се разбираме со фаци, движења, мимики, гестови...<br>Почнува играта.....учениците сите во круг пред табла и почнуваме да се разбираме....<br>Напомена дека нема зборување бидејќи ќе се удавиме...<br>Излегуваме на површина, се спасуваме.....споделуваме впечатоци<br>Дали беше тешко да се разбереме?<br>**Завршна активност**<br>РЛ Составување на слики *во парови / без зборување*<br>(Подготвка за следниот час сликата е од сликовницата што ќе ја работиме)<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |


resursi.literatura.mk

| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **10.**<br>Литературен текст/творба бајка<br><br>**‚Мојата прва сликовница**<br>**,,Снежана,,** | Идентификува народна приказна, расказ, басна, бајка, (по слушање).<br>Прераскажува содржина на слушнат кус литературен текст со помош на прашања | **1**<br><br>**15.10.2021** | **Воведни активности**<br>Гледање на кратка презентација Аудио сликовница<br>https://prezi.com/jfidrssd6a_0/presentation/<br><br>**Главна активност**<br>*Волшебни и прекрасни се световите во кои се води постојана борба меѓу спротивностите :добрина,,пријатели, алчност, љубов, завидливост....*<br>Разговараме за содржината на слушнатиот текст, одговараат на поставени прашања поврзани со слушнатата содржина преку техника Ѕвезда на приказната. Раскажуваат за своите впечатоци...слушнав, видов, почувствував.... Ги опишуваат постапките на актерите. Прераскажување на бајката со свои зборови.<br><br>**Завршна активност**<br><br>**Работа во групи**<br>Ја пополнуваат Ѕвездата според барањата со лепење на сликички<br><br>Презентирање на тоа што го сработиле<br><br>на крајот извлекуваат поука од приказната<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |






Билјана Чурлевска Маневска, 2021

resursi.literatura.mk

| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **11.**<br>Литературен текст/творба (народна приказна, расказ, басна, бајка,<br>**Анализа на приказната** | Препознава почеток, средишен и завршен дел од слушнат литературен текст.<br>Идентификува ликови во литературниот текст. | **1**<br><br>**16.10.2021** | **Воведни активности**<br><br>Фотобура – накратко се прераскажува содржината на приказната / бајката<br><br>**Главна активност**<br><br>Идентификува ликови во бајката и се води дискусија за нивните постапки со користење на новите зборови кои ги идентификуваа минатиот час.<br>Се избираат омилени ликови, се бојат и по завршувањето на активностите секој ученик треба да го опише својот лик, зошто го избра, што му се допадна кај него, дали би сакал да го поправи во неговите постапки или е задоволен од неговото однесување во приказната.<br>Самостојна работа,,Мојот херој од бајката,,<br>Опишува ситуации од секојдневниот живот кои соодветствуваат на постапките на ликовите од литературниот текст.<br><br>**Завршна активност**<br><br>Боење на ликовите<br>Вака јас го замислувам.....<br>Вербално објаснување на цртежите<br><br>Истакнување и лепење на паното<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |





| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| 12. **МК Цртан филм** | Информации од различни медиуми (анимирани филмови,).<br><br>Издвојува информации од слушнат текст по дадени насоки - анимиран филм | **1**<br><br>**17.10.2021** | **Воведни активности**<br><br>Насочен разговор<br>Кои филмови се анимирани - цртани?<br>Наброј неколку наслови што си ги гледал. Кажи ги и ликовите.<br>Кои цртани јунаци тебе ти се најомилени?<br><br>**Главна активност**<br><br>Гледање на анимирани филмови ( 2 по избор )<br>Се даваат насоки што да издвои при гледањето на филмот<br>По гледањето на филмот следи дискусија за содржината на филмот<br>Се опишуваат најинтересните случки, се води дискусија за постапките на ликовите, се извлекуваат заклучоци<br><br>**Завршна активност**<br><br>Мојот омилен лик<br>Илустрирање на ликот и ја дизајнира сцената што му остави впечаток<br>Истакнување на оригиналните креации<br><br>Насоки за домашни активности<br>Гледај цртан филм и прераскажи му го на другарчињата<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **13.<br>Поим за предмет, име, збор –**<br><br>Групирање зборови | Именува предмети, суштества и растенија во и ги означува со општи поими | **1**<br><br>**18.10.2021** | **Воведни активности**<br>Истакнуваме предмети клупа, табла, молив, гума итн.<br>Водиме разговор за секој посебно<br>Секој предмет има свое име.<br>Каков е по форма, боја, големина ? Од што е направен? Зошто служи ?<br>Како треба да го чуваме?<br>Заклучок : Предметите ги изработуваат луѓето за своите потреби.Нив треба да ги чуваме за да ни служат подолго време. Секој предмет сиима свое име по кој се разликува од другите и е препознатлив по тоа.<br>**Главна активност**<br>Следи откривање на слики на предметите што беа именувани. Ги именуваме повторно и барам нивните имиња – зборови да ги употребат во некој исказ.<br>*Со моливот пишуваме. На таблата пишуваме со креда.*<br><br>Заклучок: Сликите се нацртани или насликани предмети и нив можеме само да ги видиме, да го изговориме нивното име, а не можеме да ги користиме.<br>Имињата на предметите ги викаме зборови<br>Зборовите ги изговараме, ги слушаме и ги пишуваме<br>Под сликите ставаме ленти со зборови. Учениците што знаат да читаат ги лепат лентите со зборовите<br><br>**Завршна активност**<br>Учениците добиваат картички со разни предмети, растенија, животни<br>Игровни активности прават селекција само на предмети<br>Ги кажуваат имињата на предметите што ги добија во сетот картички и кажуваат кој за што служи и сл.<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



НОЖИЧКИ



ТАБЛА







МОЛИВ



resursi.literatura.mk

| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **14. Елементарен поим за реченица**<br> | Учествува во разговор на теми од негов интерес (училиште, семејство, дом, другари, слободно време, игри). | **1**<br><br>**19.10.2021** | **Воведни активности**<br>Откривање на слики од приказната,,Мравката оди на училиште,,<br>Прашувам од која приказна се сликите?<br>Еден ученик ја прераскажува цела приказна<br>(подготовка за формирање на поимот)<br><br>**Главна активност**<br>Барам учениците да кажат по една реченица за секоја слика<br>Следи ***читање*** на речениците под сликите<br>Секоја рееченица ја изговараме во хор, групно, индивидуално<br>***Ја читаме*** и графички ја претставуваме на таблата<br>Објаснување : Овие **ГОВОРНИ ЦЕЛИНИ ГИ ВИКАМЕ РЕЧЕНИЦИ**<br>Следи активност во која учениците по случаен избор добиваат сликичка за која треба да состават реченица.<br>  <br>**Завршна активност**<br>**Игра Следи го мојот пример**<br>Јас започнувам со кажување реченица на одредена тема<br>Пример: Славка е прво одделение.<br>Куклата има сини очи.<br>Учениците по тој пример треба да кажуват реченици во тој стил.<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист<br>Слики<br>Ленти со реченици<br> | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |

| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **15.**<br>**Вежби за составување на реченици** | Учествува во разговор на теми од негов интерес (училиште, семејство, дом, другари, слободно време, игри). | **1**<br><br>**20.10.2021** | **Воведни активности**<br>Игра : *Пенкалото на средина*<br>Сите ученици се седнати во круг...се врти пенкалото...каде ќе застани тој ученик започнува...продолжува и слично.<br>Слушнав......<br>Видов.....<br>Дополни, доврши....<br><br>**Главна активност**<br>Работа во групи<br>Секоја група добива мрежа на коцка и сет на сликички според кои ќе треба да составува реченици.<br>Во празните квадрати треба да залепат сликички со кои би искажале една говорна целина<br>Учениците сечат, лепат, составуваат, а потоа започнува играта.<br>Се презентираат изработките- коцките, а потоа следи предизвик кој ќе прочита најмногу реченици – коцки.<br>Бонус – состави приказна според сликите од Коцката<br><br>**Завршна активност**<br>Читање на коцките - Кажување на реченици<br><br>Таа група што ќе собери најмногу поени ќе биде победник<br>Прогласување на победниците<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |








resursi.literatura.mk

| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **16.**<br>**Водење краток разговор**<br><br>**(разговор, прашање, одговор, реченица)** | **Поставува прашања со целосни реченици**<br><br>**Одговара на прашања со целосни реченици** | **1**<br><br>**21.10.2021** | **Воведни активности**<br>Техника Фотобура<br>Учениците ја набљудуваат сликата и кажуваат зборови во врска со неа.<br>Зборовите ги запишувам на таблата<br>Техника Ѕид на зборови<br>дете птица кафез слобода ранета<br><br><br>**Главна активност**<br>Учениците имаат задача да поставуваат прашања<br>во врска со случката на сликите употребувајќи ги зборовите КОЈ,КАКО, КАДЕ, КОГА, ЗОШТО, КОЛКУ?<br>Еден ученик прашува – друг одговара.<br>За одговори се прифаќаат само целосно завршени мисли, говорни целини.<br>Во следната активност учениците имаат задача да состават реченици за првата, втората слика....итн<br>Насоки за користење на целосни реченици<br>Резиме : Речениците можат да бидат прашални, расказни, извични.<br>Мал вовед во интерпункција<br><br>**Завршна активност**<br>Игровни активности ,,Фати ме ако можеш,,<br>***интерактивни игри***<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |





resursi.literatura.mk

| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **17.**<br>**Г.В. Едно мое доживување** | Прераскажува и раскажува кратки случки од секојдневниот живот употребувајќи различни видови реченици | **1**<br><br>**22.10.2021** | **Воведни активности**<br>Техника Насочена имагинација<br>Учениците ги затвараат очите, а јас им читам една кратка приказна од секојдневниот живот на едно дете.<br>По завршување на читањето разговараме како ја почувствуваа содржината на приказната.<br>Што видоа, што почувствуваа, што осетија, мирис, вкус, гласови исл.<br><br>**Главна активност**<br><br>Учениците се охрабруваат да разговараат и да раскажуваат за интересна случка од нивниот живот<br>Прераскажуваат разни случки користејќи различни видови на реченици.<br>Другите ученици внимателно го слушаат раскажувањето на другарчето и треба да откријат дали тоа беше радосна / тажна случка.<br>Како се чувствуваа додека говореа, дали употребуваа брзо, бавно, тивко, гласно говорење.<br><br>**Завршна активност**<br><br>Илустрирање на случката<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| 18. **ОП На училиште**<br><br>Литературен текст/творба (стихотворба). | Препознава и издвојува зборови кои се римуваат во стихотворби.<br>Репродуцира стихотворби. | **1**<br><br>**25.10.2021** | **Воведни активности**<br>Ајде да му помогнеме на детето да го пронајде патот до своето училиште - Лавиринт<br>Мрежа на дискусија - Зошто одиме на училиште?<br>Што ви се допаѓа најмногу на училиште?<br>Создавање расположение за доживување на содржината на песната<br><br>**Главна активност**<br>Наставникот ја рецитира песната ритмички со цел да ја доживеат<br>Разговор за содржината на стихотворбата<br>Непознати зборови и нивно објаснување<br>Препознаваат и издвојуваат зборови кои се римуваат во стихотворбата со цел за полесно меморирање на песната<br>Кратка анализа на поетските слики<br>Создавање расположение за меморирање на песната- Бидете мое ехо<br>Јас кажувам....ти повтори......и научи<br>Повторувањето од учениците може да биде хорово, групно, индивидуално...<br>Постапката се повторува се додека не се пријави некој ученик дека ја научил комплетно цела.<br><br>**Завршна активност**<br><br>Рецитирање на песната<br>Илустрирање на поетските слики<br><br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **19. Рецитирање на песната** | Препознава и издвојува зборови кои се римуваат во стихотворби.<br>Репродуцира стихотворби. | **1**<br><br>**26.10.2021** | **Воведни активности**<br><br>Создавање расположение за уметничка изведба на песната<br>Вежби за дишење<br>Правилно држење на телото<br>Насоки за рецитирање - Го прилагодуваме гласот кога рецитираме и ја менуваме бојата на гласот според содржината на песната<br><br>**Главна активност**<br><br>Земи го микрофонот и покажи се во твој стил<br>Уметничка изведба на стихотворбата<br><br>**Завршна активност**<br><br>Впечатоци од изведбите<br>Избираме Рецитатор на денот<br>Најдобрите рецитираат во пар, тројка и сл<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |




resursi.literatura.mk

| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **20. ИЛТ ”Шумски Медо “** | Ги препознава симболите на гласовите и ги поврзува со зборови (поим за буква). | **1**<br><br>**27.10.2021** | **Воведни активности**<br>Вежби за дишење, вежби со рацете, телото и главата<br>Дување во свеќа, балон, супа, спиење....<br>Додека децата спијат, се открива сликата на шумски Медо како спие во пештерата.<br>Разговараме кога, како, зошто спијат мечките? Ќе дознаеме повеќе од приказната за Медо во есен.<br><br>**Главна активност**<br>Додека ја раскажувам приказната откривам слика по слика.Следи прераскажување со помош на прашања и цела. Вршиме кратка анализа на постапката на Медои истакнуваме порака.<br>‘’Крадецот ја добива заслужената казна’’<br>Никогаш нема да крадам повеќе мед од пчелите<br>Се издвојува гласот **З** - го изговараме сите заедно, групно, индивидуално.<br>Нагласувам дека **ТОА Е ГЛАС** - го изговараме и го слушаме<br>Учениците кажуваат збор каде што го има гласот З ( напред, на средина, накрај)<br>**Гласот можеме да го напишеме со ЗНАК кој се вика БУКВА.**<br>Учениците препознаваат и други гласови<br><br>**Завршна активност**<br>Гледам, гледам...почнува со гласот.....<br>Гласот се наоѓа на крајот од зборот...итн<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |







resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **21. Анализа на приказната**<br>**Поим за глас** | Правилно изговара различни гласови во различни позиции на зборовите. | **1**<br><br>**28.10.2021** | **Воведни активности**<br>Слушаме гласови од природата и гласови во зборот<br>Правиме разлика помеѓу глас, тон, шум<br>Учениците изговараат различни гласови и согледуваат разлики при изговорот – продолжено, кратко...<br><br>**Главна активност**<br>Глас во природата и во зборот. Повторуваме дека може да се изговори, да се напише ( буква ), да се слушни. Некои гласови од природата немаат букви...тие се звуци, шумови.<br>Следат активности во кои :<br>Се врши анализа на зборови на глас.<br>Се вежба артикулација на гласовите.<br>Од реченица....збор..... до глас<br>Активности со разложување – и детално потенцирање постапката.<br>**Милан свири на виолина**<br>**Милан = М И Л А Н**<br>**свири = С В И Р И**<br>**виолина = В И О Л И Н А се изговара секој глас кратко**<br><br>**Завршна активност**<br>Лов на гласови – јас кажувам зборови, а тие го ловат гласот<br>Доколку го слушнат плескаат со рачињата<br>Се комбинираат барањата ( напред, на средина, на крај гласот и сл)<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |

**Мила црта.**



**Милан свири на виолина.**




resursi.literatura.mk

| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **22.. Гласовна анализа реченица – збор – глас** | Правилно изговара различни гласови во различни позиции на зборовите. | **1**<br><br>**29.10..2021** | **Воведни активности**<br>Истакнување на слики на предмети.Учениците ги именуваат предметите а потоа ги применуваат и формираат реченици.<br>Ги читаме речениците а потоа се врши гласовна анализа.<br><br>**Главна активност**<br>Следат активности во кои : Истакнувам слика, под сликата пишувам реченица, реченицата се разложува на зборови, ззборовите на гласови.<br>Потоа се врши анализа на секој збор од реченицата. Јас кажувам а ти е повторуваат, одговараат на поставените прашања.<br>Од кои гласови е составен зборот?<br>Се вежба артикулација на гласовите.<br>Од реченица....збор..... до глас<br>Активности со разложување – и детално потенцирање на постапката.<br>По издвојувањето на бараниот глас, учениците кажуваат и други зборови што го содржат то ј глас.<br><br>**Завршна активност**<br>Лов на гласови – јас кажувам зборови, а тие го ловат гласот<br>Доколку го слушнат плескаат со рачињата<br>Кој глас го слушаш два пати?<br>Гласот.....замени го во сите зборови...стави го на почетокот на секој збор од реченицата ( игровна смешна активност )<br>Наполни ја торбата со гласот што се појави најповеќе пати<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување |



